| **Недела 6** Датум:<br>**број на** Час 12 | | | **ПРВО ПОЛУГОДИЕ Тема 1А: 9.1 Сили и движење**<br>Единица: **Пресметување на притисок** | | | **ОДДЕЛЕНИЕ: IX** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Време** | **Цели на учење** | **Критериуми за успех** | **Активности** | | **Ресурси** | **Доказ за постигнатото** |
| | | | **Опис** | **Ц/Г/И** | | |
| 10 мин. | - Објаснува како притисокот претставува дејство на сила врз одредена површина | -Можам да објаснам дека притисокот е дејство на сила врз одредена површина | Учениците набљудуваат дејство на сила врз одредена површина во неколку случаи: шпенигла која се забодува во стиропор со остриот дел, а потоа со поширокиот (округлиот) дел; истото може да го направат со молив врз стиропор или врз нивната дланка; штичка со шајки во песок, со тегче и без | Г<br>Дискусија | Шпенигла, стиропор, молив, сад со песок, штичка со шајки, тегови | дискусија |
| 20 мин. | -Прави набљудувања и мерења и врши споредба и анализа на добиените резултати. | -Ја разбирам зависноста помеѓу притисокот и големината на допирната површина | Учениците прават активност преку која ја потврдуваат зависноста помеѓу притисокот и допирната површина.<br>( Дрвен паралелопипед го поставуваат во песок над него поставуваат тег , при тоа позната им е масата на тегот и паралелопипедот, ги менуваат страните на паралелопипедот и ги набљудуваат трагите во песокот) | Г<br>Експеримент | Упатство за текот на активноста | дискусија |
| 10 мин. | -Ја користи формулата за пресметување на притисок<br>-Толкува резултати користејќи научно знаење и разбирање и | Ја разбирам и можам да ја применувам формулата за пресметување на притисок и единицата за притисок Pa | Учениците формално дискутираат за поимот притисок и решаваат задачи применувајќи ја формулата:<br>$p = \frac{F}{S}$ | Г<br>Дискусија | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | донесува заклучоци | | | | | |

| Организирање: Детали за диференцијација / групи / улога на возрасни (поврзани со активности) | Белешки / можности за проширување на знаењето / домашна работа | Клучна терминологија |
|---|---|---|
| Учениците се поделени во хетерогени групи и секоја група има иста задача (да откријат како зависи притисок од допирната површина) | | Сила, површина, притисок, паскал |

***Прилог 1: Упатство за работа***

На стиропор забодете шпенигла најпрво со остриот дел, а потоа и со округлиот дел. Истото поворете го, но овој пат со дрвен молив, а потоа со технички молив (во стиропорот го забодуваме остриот дел од моливот со којшто пишуваме)

Измерете ги страните на дрвениот сад, а потоа пресметајте ја плоштината на страните. Поставете го дрвениот сад во садот со песокот и забележете ги опечатоците. Потоа ставете го тегчето врз дрвениот сад и споредете ги отпечатоците со претходните отпечатоци?

<u>Што забележувате? Дали има некоја промена? Објаснете што се случува!</u>

***Прилог 2: Задачи***

1.Колкав е притисокот под прстите на балерината која изведува фигура на една нога . Балерината има маса 48 kg, а површината на прстите 5 $cm^2$?

2.Коцка со раб 10 cm има маса од 100 g. Пресметај го притисокот на коцката со кој таа дејствува врз подлогата.